23965

ČLAN MEĐUNARODNE ORGA... — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account; 60801-603-15330
Isečak iz lista / Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
20. I. 1980 11849 3

**БЕЛГРАД**

# Отворена изложбата »15 македонски ликовни уметници«

Белград, 19 јануари
Синоќа во Уметничкиот павилјон „Цвијета Зузориќ" на Мал Калемегдан во Белград, на свечен начин беше отворена изложбата „15 современи македонски ликовни уметници", која од јуни минатата година од страна на Музејот на современата уметност од Скопје, беше организирана во неколку југословенски градови и тоа: Дубровник, Сараево, Љубљана и Приштина.

Како што е познато, на изложбата се застапени дела од: Анастасов, Хаџи Бошков, Јакимовски, Калчевски, Луловски, Маневски, Матевски, Мазов, Миљановски, Наумовски, Перчинков, Поповски—Дада, Спировска, Шијак и Василев со вкупно 53 експонати—слики, тапiсерии, скулптури и дела изведени во комбинирана техника.

Според зборовите на сликарот Божо Продановиќ, претседател на Собранието на СИС за култура на Белград — кој ја отвори оваа изложба — изборот на авторите, ликовни уметници од средната и помладата генерација, дава можност да се запознае современиот ликовен момент во СР Македонија. Нагласувајќи дека ова подрачје со векови било лулка на иконописци, Продановиќ рече дека „во таквите услови поникнаа и овие излагачи, а тајната на настанувањето и постоењето ја обликуваат на нов, современ начин, ослободен од влијанието на фолклорот, со современ ликовен јазик, изразувајќи се себеси и своето подрачје".

Изложбата „15 современи македонски ликовни уметници" во Белград ќе биде отворена до 3 февруари.

Р. Куз.